# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Понеделник, 24 мај 1965
Скопје
Број 20 Год. XXI

Претплата за 1965 год. изнесува 2.500 дин. Овој број чини 48 дин. Жиро сметка број 802-11/1-698

**218.**

Врз основа на член 174 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија,

Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор одржана на 11 мај 1965 година, ја донесе следната

### ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

Во Извршниот совет се избираат пратениците на Републичкиот собор:

I. За претседател на Извршниот совет Никола Минчев.

II. За членови:

Ангел Арсов,
Д-р Васил Гривчев,
Веселинка Малинска,
Осман Мифтари,
Душан Поповски,
Ќемал Сејфула,
Д-р Асен Симитчиев,
Боро Чаушев,
Ресул Шакири,
Д-р Митра Шаровска.

III. Оваа одлука влегува во сила со донесувањето.

У. бр. 24
11 мај 1965 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Видое Смилевски**, с. р.

---

**219.**

На основа член 38 став 1 точка 1 до 5 од Законот за републичките органи на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 17/65), Извршниот совет донесува

### ОДЛУКА
### ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ЧЛЕН 38 СТАВ 1 ТОЧКА 1 ДО 5 ОД ЗАКОНОТ ЗА РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИ И УПРАВАТА

1. Републичкиот секретаријат за индустрија, Републичкиот секретаријат за градежништво и комунални прашања, Републичкиот секретаријат за сообраќај и врски, Републичкиот секретаријат за трговија и туризам, Републичкиот секретаријат за општи стопански работи, Републичкиот секретаријат за просвета, Републичкиот секретаријат за култура, Републичкиот секретаријат за буџет и организација на управата, Републичкиот секретаријат за правосудство престануваат со работа на ден 1 јуни 1965 година.

Републичкиот секретаријат за индустрија и трговија, Републичкиот секретаријат за образование, наука и култура, Републичкиот секретаријат за правосудство и организација на управата, започнуваат да работат од 1 јуни 1965 година.

Републичкиот секретаријат за законодавство и организација продолжува со работа како Секретаријат за законодавство и организација од 1 јуни 1965 година.

Републичката комисија за верски прашања, Републичката комисија за физичка култура, Хидрометеоролошкиот завод на Социјалистичка Република Македонија, Републичкиот завод за физичка култура, Републичкиот завод за техничка соработка и Дирекцијата за заеднички служби на републичките органи, од 1. VI. 1965 година продолжуваат со работа како републички органи што вршат работи од општ интерес за Републиката.

2. Неискористените износи од средствата распоредени за редовна дејност на укинатите републички органи на управата по Републичкиот буџет за 1965 година се пренесуваат на одделна сметка кај Службата за општествено книговодство, како средства за редовна дејност на органите што ги преземаат работите од нивниот делокруг.

Висината на средствата за редовна дејност на органите што ги преземаат работите од делокругот на укинатите органи на управата ќе се утврди дополнително од кога во смисол на член 18 став 3 од Основниот закон за средствата за работа на органите на управата („Службен лист на СФРЈ“ бр. 46/64), ќе поднесат нужна документација за видот, сложеноста и обемот на задачите, за кадровите, за условијата на работата и другите околности што се од влијание за висината на средствата, а најдоцна до 10 јуни 1965 година.

На посебната сметка на Службата за општествено книговодство ќе се пренесат и средствата наменети за хонорари од укинатите органи на управата.

Обврските на укинатите органи на управата и личните доходи на нераспределените работници ќе ги ликвидираат односно исплатуваат органите од точка 8 од оваа одлука на товар издвоените средства на одделната сметка при Службата за општествено книговодство.

По распоредувањето на средствата, исплатата на обврските и личните доходи на нераспределените работници од одделната сметка, вишоците односно недостигот ќе се внесат односно покријат од средствата по Раздел 55 — нераспоредени приходи (текушта буџетска резерва).

3. Средствата распоредени во одделниот дел во Републичкиот буџет за 1965 година раздел 6 — Републички секретаријат за законодавство и организација ќе се користат од Секретаријатот за законодавство и организација, освен средствата за работите што ќе ги преземе Републичкиот секретаријат за труд.

4. Средствата распоредени и во одделниот дел по Републичкиот буџет за 1965 година по следните раздели:

— 29 Раздел — Завод за техничка помош;

— 45 Раздел — Дирекција за згради;

— 46 Раздел — Геодетска управа и

— 50 Раздел — Државна архива ќе се користат и тоа:

— 29 Раздел — од Републичкиот завод за техничка соработка;

— 45 Раздел — од Дирекцијата за заеднички служби на републичките органи;

— 46 Раздел — од Републичката геодетска управа;

— 50 Раздел — од Државниот архив на Македонија.

5. Во одделниот дел по Републичкиот буџет за 1965 година по Разделот 55 — нераспоредени приходи (текушта буџетска резерва) се отвараат следните раздели:

— Раздел 56 — Републички секретаријат за правосудство и организација на управата;

— Раздел 57 — Републички секретаријат за индустрија и трговија и

— Раздел 58 — Републички секретаријат за образование, наука и култура.

6. Остатокот од средствата за одделни намени, со исклучок со намена на хонорари, распоредени во одделниот дел по Републичкиот буџет за 1965 година, ќе го користат следните носители:

1. Раздел 10 — Републички секретаријат за финансии, остатокот на средствата од Раздел 7 — Републички секретаријат за буџет и организација на управата и тоа:

| Позиција | Распоредна група или подгр. | Основна и поблиска намена |
|---|---|---|
| 28 | 3-2-2 | Надоместок на социјалното осигурување за исплата на илинденските пензии |
| 32 | 13-2-2 | За ануитети по кредити |
| 33 | 14-2-2 | Регрес во висина од 50% на јаглен за широка потрошувачка |
| 34 | 13-2-2 | Надоместок за повластици во автобускиот сообраќај по републички прописи |
| 45 | 17-2-2 | За ануитети по кредити |

поради што се отвараат нови позиции по Раздел 10 — Републички секретаријат за финансии и тоа:

| Позиција | Распоредна група или подгр. | Основна и поблиска намена |
|---|---|---|
| 590 | 03-2-2 | Надоместок на социјалното осигурување за исплата на илинденските пензии |
| 591 | 13-2-2 | За ануитети по кредити |
| 592 | 14-2-2 | Регрес во висина од 50% на јаглен за широка потрошувачка |
| 593 | 14-2-2 | Надоместок за повластици во автобускиот сообраќај по републички прописи |
| 593 | 14-2-2 | За ануитети по кредити |

2. Раздел 45 — Дирекција за заеднички служби на републичките органи, остатокот на средствата од Раздел 7 — Републички секретаријат за буџет и организација на управата и тоа:

| Позиција | Распоредна група или подгр. | Основна и поблиска намена |
|---|---|---|
| 27 | 06-2-1 | Надоместок за дејноста на Одморалиштето „Горица“ Охрид |

поради што се отвараат нови позиции во Раздел 45 — Дирекција за заеднички служби на републичките органи и тоа:

| Позиција | Распоредна група или подгр. | Основна и поблиска намена |
|---|---|---|
| 2210 | 06-2-1 | Надоместок за дејноста на Одморалиштето „Горица“ Охрид |

3. Раздел 56 — Републички секретаријат за правосудство и организација на управата остатокот на средствата од:

— Раздел 5 — Републички секретаријат за правосудство и

— Раздел 7 — Републички секретаријат за буџет и организација на управата

| Позиција | Распоредна група или подгр. | Основна и поблиска намена |
|---|---|---|
| 25 | 6-2-2 | Надоместоци на неосновано задржани лица во притвор или затвор |

поради што се отвараат нови позиции во Раздел 56 — Републички секретаријат за правосудство и организација на управата и тоа:

| Позиција | Распоредна група или подгр. | Основна и поблиска намена |
|---|---|---|
| 295 | 6-2-1 | За редовна дејност на Секретаријатот |
| 296 | 6-2-2 | Хонорари |
| 297 | 6-2-2 | Надоместок за неосновано задржани лица во притвор или затвор |
| 298 | 13-2-2 | За отплата на ануитети по кредити |

4. Раздел 57 — Републички секретаријат за индустрија и трговија, остатокот на средствата и тоа:

— Раздел 11 — Републички секретаријат за индустрија

— Раздел 13 — Републички секретаријат за трговија и туризам

— Раздел 14 — Републички секретаријат за сообраќај и врски

— Раздел 16 — Републички секретаријат за општи стопански работи и

— Раздел 19 — Републички секретаријат за градежништво и комунални работи

| Позиција | Распоредна група или подгр. | Основна и поблиска намена |
|---|---|---|
| 60 | 02-2-2 | За усовршување и специјализација на кадри |
| 79 | 02-2-2 | Трошоци за туристичка пропаганда |
| 81 | 14-2-2 | Интервенции на пазарот за одделни производи |
| 82 | 02-2-2 | Трошоци за усовршување и специјализација на кадри во странство |
| 85 | 14-2-2 | Надоместок за Југословенскиот аеротранспорт |
| 90 | 06-2-2 | Трошоци за издавање коњуктурни информации |
| 91 | 06-2-2 | Трошоци за издавање на билети |
| 127 | 06-2-2 | Трошоци за изработка на анализи и други проучувања од областа на градежништвото и изработка на технички прописи од институции и друго |
| 128 | 06-2-2 | Трошоци за изработка на урбанистички експертизи за урбанистички планови на поголеми градови |

поради што се отвараат нови позиции во Раздел 75 — Републички секретаријат за индустрија и трговија, и тоа:

| Позиција | Распоредна група или подгр. | Основна и поблиска намена |
|---|---|---|
| 299 | 02-2-2 | За усовршување на специјализација на кадри |
| 300 | 02-2-2 | Трошоци за туристичка пропаганда |
| 301 | 06-2-1 | За редовна дејност на Секретаријатот |
| 302 | 06-2-2 | Хонорари |
| 303 | 06-2-2 | Трошоци за издавање на коњуктурни информации |
| 304 | 06-2-2 | Трошоци за издавање на билети |
| 305 | 06-2-2 | Трошоци за изработка на анализи и други проучувања од областа на градежништвото и изработка на технички прописи од институти и др. |
| 306 | 06-2-2 | Трошоци за изработка на урбанистички експертизи за урбанистички планови на поголеми градови |
| 307 | 14-2-2 | Интервенции на пазарот за одделни производи |
| 308 | 14-2-2 | Надоместок на Југословенскиот аеротранспорт |

5. Раздел 58 — Републички секретаријат за образование, наука и култура, остатокот на средствата и тоа:

— Раздел 17 — Републички секретаријат за просвета

— Раздел 18 — Републички секретаријат за култура и

| Позиција | Распоредна група или подгр. | Основна и поблиска намена |
|---|---|---|
| 92 | 02-2-2 | Надоместок за издавачка дејност |
| 93 | 02-2-2 | Трошоци за одржување на семинари |
| 94 | 02-2-2 | Трошоци за усовршување на специјализација на кадри |
| 95 | 02-2-2 | Надоместоци за школски радио и телевизиски емисии |
| 96 | 02-2-2 | Награди на ученици |
| 97 | 02-2-2 | Трошоци за издавање на просветен гласник |
| 98 | 02-2-2 | Трошоци за музејски збирки |
| 101 | 02-2-2 | Курсеви и семинари |
| 102 | 02-2-2 | Усовршување и специјализација на кадри во земјата и странство |
| 103 | 02-2-2 | Гостување и приредби |
| 104 | 02-2-2 | Меѓународна културна размена |
| 105 | 02-2-2 | Трошоци за жиро комисии и рецензии |
| 106 | 02-2-2 | Откуп на уметнички творби |
| 107 | 02-2-2 | Организирање на изложби |
| 108 | 02-2-2 | Организирање на 1050 годишнината на Климент Охридски |
| 109 | 02-2-1 | Јубиларни прослави во тек на годината |
| 110 | 02-2-1 | Надоместок за дејноста на Народниот театар — Скопје |
| 111 | 02-2-1 | Надоместок за дејноста на Филхармонијата Скопје |
| 112 | 02-2-1 | Надоместок за дејноста на Ансамбалот за народни игри и песни „Танец“ Скопје |
| 113 | 02-2-1 | Надоместок за дејноста на Заводот за културно-просветен и наставен филм Скопје |
| 114 | 02-2-1 | Надоместок за дејноста на Концертната дирекција Скопје |
| 115 | 02-2-1 | Надоместок за дејноста на Народната библиотека Скопје |
| 116 | 02-2-1 | Надоместок за дејноста на Археолошкиот музеј Скопје |
| 117 | 02-2-1 | Надоместок за дејноста на Етнолошкиот музеј Скопје |
| 118 | 02-2-1 | Надоместок за дејноста на Природнонаучниот музеј Скопје |
| 119 | 02-2-1 | Надоместок за дејноста на Историскиот музеј Скопје |
| 120 | 02-2-1 | Надоместок за дејноста на Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата Скопје |
| 121 | 02-2-1 | Надоместок за дејноста на Радиотелевизијата Скопје — Скопје |

поради што се створаат нови позиции во Раздел 58 — Републички секретаријат за образование, наука и култура и тоа:

| Позиција | Распоредна група или подгр. | Основна и поблиска намена |
|---|---|---|
| 309 | 02-2-1 | Надоместок за дејноста на Народниот театар Скопје |
| 310 | 02-2-1 | Надоместок за дејноста на Филхармонијата Скопје |
| 311 | 02-2-1 | Надоместок за дејноста на Ансамбалот за народни игри и песни „Танец“ Скопје |

| | | |
|---|---|---|
| 312 | 02-2-1 | Надоместок за дејноста на Заводот за културно-просветен и наставен филм Скопје |
| 313 | 02-2-1 | Надоместок за дејноста на Концертната дирекција Скопје |
| 314 | 02-2-1 | Надоместок за дејноста на Народната библиотека Скопје |
| 315 | 02-2-1 | Надоместок за дејноста на Археолошкиот музеј Скопје |
| 316 | 02-2-1 | Надоместок за дејноста на Етнолошкиот музеј Скопје |
| 317 | 02-2-1 | Надоместок за дејноста на Природно-научниот музеј Скопје |
| 318 | 02-2-1 | Надоместок за дејноста на Историскиот музеј Скопје |
| 319 | 02-2-1 | Надоместок за дејноста на Републичкиот завод за заштита на споменици-те на културата Скопје |
| 320 | 02-2-1 | Надоместок за дејноста на Радиотелевизија Скопје — Скопје |
| 321 | 02-2-1 | Додатни средства за финансирање одделни дејности |
| 322 | 02-2-2 | Надоместок за издавачка дејност |
| 323 | 02-2-2 | Трошоци за одржување на курсеви, семинари и советувања |
| 324 | 02-2-2 | Трошоци за усовршување и специјализација на кадри |
| 325 | 03-2-2 | Надоместок за школски радио и телевизија емисии |
| 326 | 02-2-2 | Награди на ученици |
| 327 | 02-2-2 | Трошоци за издавање на просветен гласник |
| 328 | 02-2-2 | Трошоци за музејски збирки |
| 329 | 02-2-2 | Гостување и приредби |
| 330 | 02-2-2 | Меѓународна културна размена |
| 331 | 02-2-2 | Трошоци за жиро комисии и рецензии |
| 332 | 02-2-2 | Откуп на уметнички творби |
| 333 | 02-2-2 | Организирање на изложби |
| 334 | 02-2-2 | Организирање на 1050 годишнина на Климент Охридски |
| 335 | 06-2-1 | За редовна дејност на Секретаријатот |
| 336 | 06-2-2 | Хонорари |

7. Органите на управата што престануваат со работа се должни да извршат попис на имовината со состојба на денот на престанокот со работа.

Извршниот совет ќе именува комисија што ќе ја распредели имовината на органите кои престануваат со работа како и да ги реши прашањата околу просториите и сместајот на новоформираните органи.

8. Распоредување со работниците на укинатите органи и служби ќе изврши органот на кои му се пренесени соодветни работи. Со работниците што не ќе бидат распоредени, органот ќе постапи според одредбите на Законот за работни односи.

9. Несвршените предмети на укинатите републички органи односно служби ќе ги преземат републичките органи во чии делокруг спаѓаат работите на кои несвршените предмети се однесуваат, на посебен список.

10. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по нејзиното објавување.

Бр. 09-1078/1
21-V-1965 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Никола Минчев**, с. р.

# *Огласен дел*

## РЕГИСТРАЦИИ НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 31. VII. 1964 година, рег. број 74/55, книга III, е запишана под фирма: Продавница во село Октиси на Трговското претпријатие „Нова трговија" од Струга. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на текстил, куса и плетена стока и конфекција, галантериска и базарска стока и играчки, млински преработки и брашно, деликатесни производи, производи на база на шеќер и какао, алкохолни и безалкохолни пијалоци, производи од гума, каучук и пластична маса, железна и метална стока, парфимериска и козметичка стока, стакло, порцелан и керамичка стока, животни намирници и предмети за домашна потреба, преработки од тутун, кибрит и прибор, дрогериска стока, со решението број 5121 од 21. VI. 1963 година одобрена е и дејноста: продажба на нафтени деривати и градежен материјал.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие „Нова трговија" — Струга.

Раководител на продавницата е Мустафа Аметоски, а ќе ја потпишува лицето што е овластено да го потпишува претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 259/63. (712)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. број 88, страна 1441, е запишана под фирма: Трговско претпријатие за промет со мешовити стоки „Маврово" од Гостивар — Продавница во Гостивар, улица „Браќа Миладинови" бр. 1. Предмет на работењето на продавницата е: промет со текстилна конфекција.

Продавницата е основана од Работничкиот совет на Претпријатието „Маврово" од Гостивар, а согласно со решението на Собранието на општината Гостивар број 04-1078 од 7. III. 1964 година.

Раководител на продавницата е Вишка Невзат.

Продавницата ќе ја претставува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 207/64. (724)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. број 340, страна 1077, е запишана под фирма: „Малина“ — трговско претпријатие за снабдување на земјоделско-прехранбени производи од Титов Велес — Продавница — Деликатес во Титов Велес, улица „Димитар Влахов“ бр. 37. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на деликатесни производи.

Продавницата е основана од Работничкиот совет на Претпријатието „Малина“ — Титов Велес, а согласно со решението на Собранието на општината Титов Велес број 03-2099/1 од 10. III. 1964 год.

Раководител на продавницата е Богдановска Ленка.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 273/64. (750)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. број 340, страна 1077, е запишана под фирма: „Малина“ — трговско претпријатие за снабдување на земјоделско-прехранбени производи — Титов Велес — Продавница во Титов Велес, ул. „Димитар Влахов“. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на зеленчук, овошје и преработки од истите.

Продавницата е основана од Работничкиот совет на Претпријатието „Малина“ — Титов Велес, а согласно со решението на Собранието на општината Титов Велес број 03-2102/1 од 10. III. 1964 год.

Раководител на продавницата е Пармаков Андреја.

Продавницата ќе ја претставува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 274/64. (751)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. број 340, страна 1077, е запишана под фирма: „Малина“ — трговско претпријатие за снабдување на земјоделско-прехранбени производи — Титов Велес — Бифе во Титов Велес во Домот на ЈНА. Предмет на работењето на бифето е: продажба на сите алкохолни и безалкохолни пијалоци и скара.

Бифето е основано од Работничкиот совет на Трговското претпријатие „Малина“ — Титов Велес, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Титов Велес број 8579 од 13. VIII. 1963 година.

Раководител на бифето е Зафиров Ало.

Бифето ќе го потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 276/64. (753)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. број 340, страна 1077, е запишана под фирма: „Малина“ — трговско претпријатие за снабдување на земјоделско-прехранбени производи од Титов Велес — Продавница во Титов Велес, ул. „Маршал Тито“ број 4. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на сите видови скари, риби конзервирани и пржени, јајца варени и пржени, млечни производи (млеко пресно, млеко кисело паковано, јогурт, маченица, бело кафе, бело сирење, кашкавал и друго), печива — сите видови, конзервирани прехранбени артикли (месни доручек, паштета, риба сардини и друго), сите видови на безалкохолни пијалоци, пиво, топли јадења (сите видови чорби), печива од сите видови меса и сувомесни производи.

Продавницата е основана од Работничкиот совет на Претпријатието „Малина“ — Титов Велес, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Титов Велес под број 10974 од 10. XI. 1962 година.

Раководител на продавницата е Славе Јасенов.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 275/74. (752)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. број 340, страна 1077, е запишана под фирма: „Малина“ — трговско претпријатие за снабдување на земјоделско-прехранбени производи — Титов Велес — Продавница деликатесна во Титов Велес (во просториите на Околиското собрание). Предмет на работењето на продавницата е: продажба на деликатесни производи.

Продавницата е основана од Работничкиот совет на Претпријатието „Малина“ — Титов Велес, а согласно со решението на Собранието на општината Титов Велес број 03-2100/1 од 10. III. 1964 год.

Раководител на продавницата е Паунова Нада.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 277/64. (754)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. број 440, страна 609, книга II, е запишан под фирма: Шумски индустриски комбинат „Страшо Пинџур“ од Кавадарци — Погон во село Конопиште со самостојна претсметка и жиро сметка. Предмет на работењето на погонот е: стопанисување со шумите на територијата на погонот (обнова, одгледување, заштита и искористување на шумите, искористување на споредни шумски производи, смоларење, семе, производство на вар и др.) и изградба на шумски патишта и згради.

Погонот е основан од Народниот одбор на општината Конопиште, со решението број 10-2371 од 8. X. 1963 година.

Погонот ќе го потпишува, задолжува и раздолжува Мирко Арсовски, управник инженер шумар, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 305/64. (864)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. број 21, страна 81, е запишана под фирма: Земјоделска задруга „Југ“ од село Јанчиште — Пекара во село Јегуновце, Тетовска околија. Предмет на работењето на пекарата е: производство и продажба на леб и бело печиво.

Пекарата е основана од Задружниот совет на Земјоделската задруга „Југ“ од село Јанчиште, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Теарце број 03-217/1 од 5. VIII. 1963 год.

Раководител на пекарата е Симјановски Веселинов Атанас.

Пекарата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува задругата, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 311/64. (872)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 118, страна 323 е запишано следното На досегашните потписници на Новинско-издавачкото претпријатие „Стопански весник“ — Скопје и тоа: Михајло Хаџи Панов, шеф на сметководството, и Симо Ивановски, новинар-уредник, им престанува правото за потпишување.

За нови потписници на претпријатието сè назначени следните лица: Елена Тромбева, шеф на сметководството. Таа претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува, сметано од 9. IV. 1964 година, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 191/64. (502)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите под рег. бр. 8, страна 29 е запишано следното: Мишковски Љубомир, досегашен управник на Земјоделската задруга „Вардар“ од село Радиовце, Тетовска околија, со решението на Народниот одбор на општината Жеровјане број 01-2543/1 од 28. IV. 1961 година е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За управник на задругата е назначен со решението на Народниот одбор на општината Жеровјане број 01-6867/1 од 25. XI. 1961 година Милески Миле. Тој задругата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува со стариот регистриран потписник Савески Мирко, сметано од 18. III. 1964 година, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 146/64. (504)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 12. VI. 1963 година под рег. број 28/60, книга I е запишано следното: Се менува дејноста на Фабриката за мерни инструменти „Микрон“ од Прилеп и тоа:

Се менува решението на овој суд Фи бр. 547/60 од 25. XI. 1960 година и тоа само во однос точка 2 и 4, така што точка 2 сега гласи: Дејност — производство на електромотори и електрични апарати за домаќинство, а точка 4 сега гласи: Основач — „Искра“ — индустрија за електромеханика, телекомуникација, електроника и автоматика — Крањ.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 227/63. (1282)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 26. IV. 1963 година под рег. број 103/55, книга II е запишано следното: Се менува дејноста на Дистрибутивното електрично претпријатие — Прилеп и ќе гласи: Од проширената дејност одобрена со решението на НО на општината Прилеп број 04-8075/1-61 од 15. II. 1962 година регистрирана при овој суд под Фи бр. 110/62 се брише текстот: „Проектирање на електрични мрежи од 380/220 В далеководи од 10 КВ и ТС 10/0,4 КВ“.

Останува дејноста на претпријатието која гласи: „Дистрибуција на електрична енергија, изградба на далеководи од 10 КВ, изградба на електрични мрежи од 380/В, изградба на ТС и постројки од 10/04 КВ“.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 429/62. (1281)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 30. IV. 1963 година под рег. број 11/62, книга II е запишано следното: Се менува фирмата на Фабриката за метални производи „Борис Кидрич“ од Струга и ќе гласи: Фабрика за емајлирани производи „Борис Кидрич“ — Струга.

Се менува и дејноста на фабриката и ќе гласи: производство на емајлирани производи.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 174/63. (1284)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 24. IV. 1963 година под рег. број 3, страна 96 е запишано следното: Претпријатието за саден овоштен материјал „Овоштен расадник“ од Берово е припоено кон Претпријатието за подигање и експлоатација на овошни насади „Малешевска слива“ од Берово.

В д. директор на претпријатието е Полевски Глигоров Јордан.

Уписот е извршен во регистарот на основа одлуката на Работничкиот совет на Претпријатието „Овоштен расадник“ — Берово од 29. III. 1963 година, одлуката на Работничкиот совет на Претпријатието „Малешевска слива“ од Берово од

5. IV. 1963 година и решението на Народниот одбор на општината Берово број 01-859/1 од 8. IV. 1963 година и решението на Народниот одбор на општината Берово број 01-914/2 од 8. IV. 1963 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 52/63. (1115)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 30. VII. 1963 година под ред. број 3, страна 7 е запишано следното: Трговското претпријатие на големо и мало „Снабдител“ — Берово престана со својата работа, бидејќи е припоено кон Трговското претпријатие „Тргопромет“ од Берово.

Уписот е извршен во регистарот на основа решението на Народниот одбор на општината Берово број 01-911/1 од 8. IV. 1963 година, одлуката на Работничкиот совет на Претпријатието „Снабдител“ — Берово бр. 21 од 18. III. 1963 година и одлуката на Работничкиот совет на „Тргопромет“ — Берово бр. 01-65 од 2. IV. 1963 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 120/63. (1116)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на задругите на 30. V. 1963 година под ред. број 11, страна 98 е запишано следното: Земјоделската задруга „Партизан“ од село Грдовци, Кочани, ќе ја потпишуваат управникот Јован Петров Терзиевски и Владимир Стојанов Ангелов, шеф на сметководството.

Уписот е извршен во регистарот на основа решението на Народниот одбор на општината Кочани број 01-66 од 22. II. 1963 година и одлуката на управниот одбор на задругата бр. 31 од 18. V. 1963 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 83/63. (1119)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на задругите на 6. V. 1963 година под ред. бр. 6, страна 101 е запишано следното: За потписник на Земјоделската задруга „Љиљак“ од с. Истибање, Кочани, е назначен благајникот Тодор Јанев Петров, кој заедно со управникот Марко Лазаров, односно во негово отсуство ќе ја потпишува задругата.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 92/63. (1121)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 27 IX. 1963 година под ред. бр. 5, страна 9 е запишано следното: Иванов Славков Иван, досегашен директор на Градежното претпријатие за висока и ниска градба „Напредок“ — Кочани, е разрешен од должност. За директор на претпријатието е назначен Гиздавиќ Марка Драгољуб, кој ќе го потпишува.

Промената е запишана во регистарот на основа решението на Народниот одбор на општината Кочани бр. 01-5665/1 од 6. IX. 1963 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 132/63. (1122)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на задругите на 25. IX. 1963 година под ред. бр. 2, страна 102 е запишано пререгистрирањето на Општата земјоделска задруга „Јанкулица“ од село Ракитец, Кочани, која за натака ќе се вика Земјоделска задруга „Јанкулица“, со седиште во село Ракитец.

Задругата ќе ги врши следните дејности: земјоделие, сточарство, откуп на земјоделски производи, овоштарство, преработка, земјоделски услуги, занаетчиство, кооперирање со разни видови и трговија на мало со индустриски и прехранбени стоки.

Овластени потписници за потпишување на задругата се: Коцев Андонов Добре, в. д. управник, и Јованов Борисов Страхил, книговодител.

Пререгистрирањето на задругата е запишано во регистарот на основа одобрените правила со решение на Советот за земјоделие и шумарство при Собранието на општината Радовиш број 05-3885/1 од 22. IV. 1963 година, а согласно Уредбата за земјоделските задруги („Сл. лист на ФНРЈ“ бр. 18/61).

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр 56/63. (1123)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 23. IX. 1963 година под ред. бр. 2, страна 175 е запишано следното: Се менува фирмата на Фабриката за производство на резервни делови „Руен“ од Кочани и во иднина ќе гласи: Фабрика за аутомобилски делови „Руен“ — Кочани.

Уписот е извршен во регистарот на основа решението на Одделението за стопанство на Општинското собрание — Кочани број 03-6818 од 13. IX. 1963 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 142/63. (1124)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации под ред. бр. 3, страна 318 е запишано следното: Претпријатието за обработка на тутун во Радовиш по својот престанок, почнувајќи од 27. IV. 1963 година е интегрален дел на Работната организација за обработка на тутун „Јака“ — Радовиш, како погон со самостојна претсметка, со седиште во Радовиш.

Погонот врши дејност на производство, откуп и обработка на тутун.

Директор на погонот е Миле Кукутанов со право и овврски предвидени во статутот на Работната организација за обработка на тутун „Јака“ — Радовиш.

Сметката на погонот пред банката ќе ја претставуваат и потпишуваат полноважно поединачно директорот или шефот на сметководството Перо Накев.

Уписот во стопанскиот регистар е извршен по пријавата на Работната организација за обработка на тутун „Јака“ — Радовиш, а на основа решението на Народниот одбор на општината Радовиш

бр. 01-1582/1 и бр. 01-1583/1 двете од 1. IV. 1963 год.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 137/63. (1126)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на задругите на 30. V. 1963 година под ред. бр. 3, страна 45 е запишано следното: Томе Лазаров и Васил Илиев Глигоров, досегашни потписници на Земјоделската задруга „Иво Рибар Лола“ од село Владевци, Струмичко, се разрешени од должност. За потписник е назначен Славчо Алексов Јанакиев, присилен управник на задругата, сметано од 12. III. 1963 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 85/63. (1128)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 6. VI. 1963 година под ред. бр. 5, страна 49 е запишано следното: Престана со својата работа Земјоделското претпријатие „11 октомври“ од село Сушица, Струмичко, бидејќи е припоено кон Земјоделската задруга „V конгрес“ од село Сушица.

Истовремено е запишана и промената на управникот на задругата Божинов Коцев Васил, на чие место за в. д. управник е назначен Кирил С. Стојанов.

Припојувањето е запишано во регистарот на основа решението на Народниот одбор на општината Ново Село број 01-2154/1 од 16. IV. 1963 год.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 91/63. (1129)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на задругите под ред. бр. 7, страна 75 е запишано следното: Земјоделската задруга „Карпош“ од село Бајково, Струмичко, е ставена под принудна управа, сметано од 1. VI. 1963 година до 1. VI. 1964 година.

Задругата ќе ја претставува и потпишува пред трети лица принудниот управник Трајан Лазаров Крстев од село Старо Коњарино.

Истовремено се сменува и седиштето на задругата кое за натака ќе биде во с. Ново Коњарино.

Уписот е извршен во регистарот на основа решението на Народниот одбор на општината Ново Село број 01-2761 од 30. V. 1963 година и одлуката на Собранието на општината Ново Село број 04-13108 од 21. VI. 1963 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 107/63. (1130)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на задругите под ред. бр. 4, страна 79 е запишано следното: Земјоделското стопанство „Струмичка котлина“ од Струмица е припоено кон Земјоделската задруга „5 ноември“ од Струмица со целокупната актива и пасива.

Истовремено е запишана и промената на досегашниот в. д. управник на задругата Душко Колев, на чие место за в. д. управник е назначен Васил Томов.

Припојувањето на стопанството е запишано во регистарот на основа решението на Народниот одбор на општината Струмица бр. 01-1760/1 од 5. III 1963 година, одлуката на Работничкиот совет на Земјоделското стопанство „Струмичка котлина“ од 21. II. 1963 година и одлуката од задружниот совет на Земјоделската задруга „5 ноември“ од Струмица број 145 од 22. II. 1963 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 122/63. (1131)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 30. VII. 1963 година под ред. бр. 4, страна 245 е запишано следното: Претпријатието на големо за снабдување на земјоделието и откуп на лековити билки „Агропромет“ од Струмица престана да се занимава со промет на маслодајни семиња и лековити билки.

Бришењето на дејностите е запишано во регистарот на основа одлуката на Работничкиот совет на претпријатието од 10. VII. 1963 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 117/63. (1132)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на задругите на 27-IX. 1963 год. под ред. бр. 6, страна 92 е запишано следното: Земјоделската задруга „Огражден“ од село Иловица, Струмица е припоена со целата актива и пасива кон Земјоделската задруга „Партизан“ од село Турново, Струмичко.

Припојувањето е запишано во регистарот на основа решението на Народниот одбор на општината Ново Село бр. 01-3154/8 од 16. IV. 1963 год., одлуката на задружниот совет на Земјоделската задруга „Партизан“ број 124/а од 13. III. 1963 година и одлуката на Собранието на Земјоделската задруга „Огражден“ од село Иловица бр. 9 од 13. II. 1963 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 100/63. (1134)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 14. IX. 1963 година под ред. бр. 13, страна 232, е запишано следното: Трговското претпријатие стоковна куќа „Вардар“ од Струмица, престана со својата работа, бидејќи е припоено кон Трговското претпријатие на големо „Народен магазин“ од Струмица со целата актива и пасива.

Припојувањето е запишано во регистарот на основа решението на Народниот одбор на општината Струмица број 03-5557/1 од 15. VII. 1963 година, одлуката на Работничкиот совет на претпријатието „На-ма“ — Струмица од 20. VI. 1963 година и Работничкиот совет на Стоковната куќа „Вардар“ — Струмица од 20. VI. 1963 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 123/63. (1135)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 27. IX. 1963 година под рег. број 2, страна 68 е запишано следното: Откупната станица за маслодајни семиња од Св. Николе на Фабриката за масло „Благој Ѓорев“ од Титов Велес, престана со својата работа.

Престанокот на откупната станица е запишан во регистарот на основа одлуката на Работничкиот совет на Фабриката за масло „Благој Ѓорев“ од Титов Велес бр. 188 од 30. VII. 1963 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 127/63. (1137)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 27. VII. 1963 година под ред. број 4, страна 48 е запишано следното: Лазар Сланков, досегашен в. д. директор на Претпријатието за јавен ауто-транспорт и шпедиција од Штип, е разрешен од должност. На негово место за в. д. директор е назначен Киро Владов Милев, кој ќе го потпишува претпријатието.

Уписот е извршен во регистарот на основа решението на Собранието на општината Штип број 01-6566/1 од 11. VII. 1963 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 115/63. (1139)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 30. VII. 1963 година под ред. број 4, страна 203 е запишано следното: На Атанас Стефанов, заменик директор на Претпријатието за јавни патишта од I и II ред од Штип, му престанува правото да го потпишува претпријатието.

Директорот на претпријатието Јусеин Саид и во иднина останува да го претставува и потпишува претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 119/63. (1140)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 30. VII. 1963 година под ред. бр. 3, страна 179 е запишано следното: Давчев Славков Тодор, досегашен директор на Трговското претпријатие за текстил, галантерија и парфимерија „Нова трговија“ од Штип, е разрешен од должност. На негово место за директор е назначен Миладинов Драган, кој ќе го потпишува претпријатието.

Уписот е извршен во регистарот на основа решението на Народниот одбор на општината Штип број 01-4966/1 од 24. V. 1963 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 116/63. (1141)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 27. IX. 1963 година под ред. бр. 3, страна 177 е запишано следното: Биков Ристов Стојмир, привремен претставник на Угостителското претпријатие „Македонија“ од Штип, кој е назначен на местото на починатиот директор Тодор Ѓоргов. Тој претпријатието ќе го претставува и потпишува до назначувањето на директор од надлежниот орган.

Уписот е извршен во регистарот на основа решението на управниот одбор на претпријатието бр. 524 од 10. IX. 1963 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 138/63. (1144)

---

